**ЗАПИСНИК**
**од 27 - та седница на Советот на**
**Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 02.09.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (породилно отсуство).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Билјана П. Парлеева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14 часот и 05 минути и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски, во врска со предложениот дневен ред, бидејќи пред започнувањето на 27-та седница се одржа првото продолжение на 26-та седница на која се усвои Записникот од 25-та седница, предложи да се избрише првата точка од предложениот дневен ред со наслов: „Усвојување на Записникот од првото продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 26.08.2015 година“, а другите да се подигнат за една точка погоре. Според него беше беспредметно да стои првата точка бидејќи веќе претходно се усвои Записникот од 25-та седница.

Г-дин Петрушевски и г-дин Фетаи објаснија дека претходно делумно се усвои записникот од 25-та седница а со првото продолжение на 26-та седница, во целост се усвои истиот записник. Во таа насока г-дин Петрушевски објасни дека веројатно треба да се направат одредени измени во Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во начинот и постапката за водење на седниците на Советот, бидејќи има одредени нелогичности каде се бара претходниот записник да се усвои на првата наредна седница. Предложи Дневниот ред за 27-та седница да остане како што е доставен, а Стручната служба да ја земе во предвид дискусијата која се водела на седницата и да размисли за измените.

Г-дин Фиданоски, по образложението, се согласи Дневниот ред за 27-та седница да остане како што беше предложен.

Други предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од првото продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 26.08.2015 година.
2. Усвојување на Записникот од 26 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.08.2015 година.
3. Предлог - Одлука за набавка на проекторско платно со далечински управувач.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 26.08.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 26 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.08.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи Предлог - Одлуката за набавка на проекторско платно со далечински управувач, наведувајќи дека Агенцијата има потреба од проекторско платно кое ќе се користи за презентирање на материјали при разни настани организирани од страна на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека станува збор за набавка чија вредност не надминува 500 евра во денарска противвредност без ДДВ. Согласно доставените понуди за проекторско платно со далечински управувач, рече дека фирмите навеле артикл со исти димензии и гаранција од една година, но цената на избраниот понудувач била најниска.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5252/1 од 01.09.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука за набавка на проекторско платно, со далечински управувач, во износ од 19.145,00 денари без пресметан ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 3.446,00 денари – вкупна цена со вклучен ДДВ изнесува 22.591,00 денари, според доставената и избрана понуда, бр.05-5222/4 од 01.09.2015 година, од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги „МУЛТИГРАФ КОМПЈУТЕРИ“ Кочани.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 4**

Разно

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-5246/3**
**11.09.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с. р.**